Акционерско друштво за осигурување
ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп
Бр. 202/1045
14.07 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 375 од Законот за трговски друштва, како и член 34 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје, член 163, став 1, точка 14 од Законот за супервизија на осигурување Управниот одбор на друштвото на својата дваесетипрва седница на Управниот одбор на ден 14.07.2020 година донесе:

# ОДЛУКА

## за усвојување на промените во Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фондови, Општите услови за животно осигурување и Општите услови за осигрување на живот на родителот

### Член 1

Управниот одбор на Акционерското друштво донесе одлука за усвојување на промените во Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фондови, Општите услови за животно осигурување и Општите услови за осигрување на живот на родителот.

### Член 2

✓ Членот 25 од Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фондови се менува и ќе гласи:

1. Осигурителот нема обврска да го исплати минималниот осигурен износ за случај на смрт, туку само вредноста на инвестициското портфолио во месецот откако штетата ќе биде прифатена од осигурителот, доколку:

а) договарачот или корисникот на осигурувањето намерно ја предизвикал смртта на осигуреникот;

б) смртта на осигуреникот настапила при обид за извршување или при извршување на судски казниво дело од страна на осигуреникот, договарачот или корисникот, како и при бегство по ваква активност, смртта на осигуреникот настапила со извршување на смртна казна;

в) смртта на осигуреникот настапила поради земјотрес или поради поплави;

г) смртта на осигуреникот настанала поради детонации на експлозивни средства, мини, торпеда, бомби или пиротехнички средства;

д) како последица на граѓанска војна, немири, востанија, насилства, воени операции или настани слични на војна, револуции, побуни, киднапирање или тероризам, дејствување на нуклеарна енергија и последици од атомска катастрофа;

ѓ) како директна последица од пандемија или епидемија утврдени од страна на соодветни државни тела (освен во случај ако е настаната од КОВИД 19, во тој случај осигурителот ќе ја исплати осигурената сума на корисникот);

е) смртта на осигуреникот настанала како последица на околности кои осигуреникот намерно ги премолчал или неточно ги пријавил.

2. Кај осигурувања склучени без посебна спогодба, осигурителот има обврска да ја плати само вредноста на инвестициското портфолио доколку смртта на осигуреникот настапи:

а) поради вршење на дејства во својство на посебен пилот (на пр. летач на змејови, возач на балон, возач на моторен змеј, скокач со падобран), пилот на хеликоптер или воен пилот;

б) поради занимање со некој опасен спорт (на пр. алпинизам, нуркање во длабочини);

в) поради учество на натпревари, трки или тренинзи со превозни средства кои се управуваат на земја, вода и воздух.

✓ Членот 19 од Општите услови за осигрување на живот на родителот се менува и ќе гласи:

1. Доколку осигуреникот изврши самоубиство во првата година од важноста на осигурувањето, тогаш:

- во случај на осигурување со повеќекратно плаќање на премијата, осигурителот не е

обврзан да му ја исплати осигурената сума на корисникот,

- во случај на осигурување со еднократно плаќање на премијата, се исплаќа математичката резерва.

2. Во случај осигуреникот да изврши самоубиство во втората или третата година од важноста на осигурувањето договорено со повеќекратно плаќање на премијата, а се платени премиите за најмалку две години, осигурителот ќе му ја исплати на корисникот дотогаш собраната математичка резерва. По истекот на рокот од три години од почетокот на осигурувањето, осигурителот е обврзан да ја исплати осигурената сума и дотогаш препишаниот удел во добивката, ако се исполнети претпоставките за учество во распределбата на остварената добивка утврдени со овие Услови.

3. Осигурителот нема обврска да му ја исплати на корисникот осигурената сума, ако корисникот намерно предизвикал смрт на осигуреникот. Доколку до тој момент биле платени премиите за најмалку три години, осигурителот има обврска да му ја исплати собраната математичка резерва на договарачот на осигурувањето или на наследниците на осигуреникот, доколку договарачот и осигуреникот се исто лице.

4. Доколку договарачот на осигурувањето намерно предизвикал смрт на осигуреникот, осигурителот не е обврзан да му ја исплати осигурената сума, туку само математичката резерва на корисникот, доколку до тој момент биле платени премиите за најмалку три години, но под услов корисникот и договарачот да не се исто лице.

5. Осигурителот не е обврзан да му ја исплати на корисникот осигурената сума туку собраната математичка резерва, доколку смртта на осигуреникот настапила

- како последица на граѓанска војна, немири, востанија, насилства, воени операции или настани слични на војна, револуции, побуни, киднапирање или тероризам;
- поради детонации на експлозивни средства, мини, торпеда, бомби или пиротехнички средства во рамки на околностите од првите две точки од овој став;
- при обид на осигуреникот или извршување на казнено дело, како и при бегство по таквата активност;
- поради земјотрес;
- поради поплави;
- како директна или индиректна последица од атомска катастрофа;
- како директна последица од пандемија или епидемија утврдена од страна на соодветни државни тела (освен во случај ако е настаната од КОВИД 19, во тој случај осигурителот ќе ја исплати осигурената сума на корисникот);

6. Според договорите за осигурување кои се вклучени во распределбата на добивката во согласност со членот 26 од овие Услови, во случаите од ставките 1, 2, 3, 4 и 5 од овој член, осигурителот покрај прибраната математичка резерва го исплаќа и дотогаш собраниот удел во добивката.

7. Во случај на барање за прекин на Договорот од страна на договарачот, осигуреникот не е во покритие од денот на прием на барањето за прекин доставено до осигурителот, односно од денот до кој е платена премијата. Во случај осигуреникот да не е и договарач на осигурувањето, потребна е и писмена согласност од осигуреникот за прекин на осигурувањето.

✓ Членот 19 од Општите услови за животно осигурување се менува и ќе гласи:

1. Доколку осигуреникот изврши самоубиство во првата година од важноста на осигурувањето, во тој случај:

- во случај на осигурување со повеќекратно плаќање на премијата, осигурителот не е обврзан да му ја исплати осигурената сума на корисникот,
- во случај на осигурување со еднократно плаќање на премијата, се исплаќа математичката резерва.

2. Во случај осигуреникот да изврши самоубиство во втората или третата година од важноста на

осигурувањето договорено со повеќекратно плаќање на премијата, а се платени премиите за најмалку две години, осигурителот ќе му ја исплати на корисникот дотогаш собраната математичка резерва. По истекот на рокот од три години од почетокот на осигурувањето, осигурителот е обврзан да ја исплати осигурената сума и дотогаш препишаниот удел во добивката, ако се исполнети претпоставките за учество во распределбата на остварената добивка утврдени со овие Услови.

3. Осигурителот нема обврска да му ја исплати на корисникот осигурената сума, ако корисникот намерно предизвикал смрт на осигуреникот. Доколку до тој момент биле платени премиите за најмалку за три години, осигурителот има обврска да ја исплати собраната математичка резерва на договарачот на осигурувањето или на наследниците на осигуреникот, доколку договарачот и осигуреникот се исто лице.
4. Доколку договарачот на осигурувањето намерно предизвикал смрт на осигуреникот, осигурителот не е обврзан да му ја исплати осигурената сума, туку само математичката резерва на корисникот, доколку до тој момент биле платени премиите за најмалку три години, но под услов корисникот и договарачот да не се исто лице.
5. Осигурителот не е обврзан да му ја исплати на корисникот осигурената сума туку собраната математичка резерва, доколку смртта на осигуреникот настапила:
   - како последица на граѓанска војна, немири, востанија, насилства, воени операции или настани слични на војна, револуции, побуни, киднапирање или тероризам;
   - поради детонации на експлозивни средства, мини, торпеда, бомби или пиротехнички средства во рамки на околностите од првите две точки од овој став;
   - при обид на осигуреникот или извршување на казнено дело, како и при бегство по таквата активност;
   - поради земјотрес;
   - поради поплави;
   - како директна или индиректна последица од атомска катастрофа или дејствување на нуклеарна енергија;
   - како директна последица од пандемија или епидемија утврдена од страна на соодветни државни тела (освен во случај ако е настаната од КОВИД 19, во тој случај осигурителот ќе ја исплати осигурената сума на корисникот);

6. Според договорите за осигурување кои се вклучени во распределбата на добивката во согласност со членот 26 од овие Услови, во случаите од ставките 1, 2, 3, 4 и 5 од овој член, осигурителот покрај прибраната математичка резерва го исплаќа и дотогаш собраниот удел во добивката.

7. Во случај на барање за прекин на Договорот од страна на договарачот, осигуреникот не е во покритие од денот на прием на барањето за прекин доставено до осигурителот, односно од денот до кој е платена премијата. Во случај осигуреникот да не е и договарач на осигурувањето, потребна е и писмена согласност од осигуреникот за прекин на осигурувањето.

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила на ден 01.08.2020 година.

**Образложение**

Управниот одбор на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје согласно своите законски и статутарни овластувања, а со цел подобрување на работењето на Друштвото донесе одлука за усвојување на промените во Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фондови, Општите услови за животно осигурување и Општите услови за осигрување на живот на родителот.

За извршената промена ќе биде доставено известување до Агенцијата за супервизија на осигурување.

Пречистениот текст од условите се составен дел на оваа одлука.

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР ЛАЈФ– Виена Иншуренс Груп Скопје**
**Претседател на Управен одбор**
**Дарко Дедиќ**

**Член на Управен одбор**
**Бернд Ацхатз**

**Член на Управен одбор**
**Мартин Теов**


Ул. ,,11 Октомври,, бр. 25 кат 8 1000 Скопје, Р. Македонија Тел./факс: +389 (02) 3114 333 е-пошта: life@winnerlife.mk